

# ИЛИЈА КОЧОВСКИ



# ILIJA KOČOVSKI

*Кога од целокупниот повоен развој на современото македонско сликарство би требало да се извлече една генерална линија која во извесна смисла ќе синтетизира некаков општ конзистентен поглед, некакво колективно чувство и состојба на духот, тогаш, без двоумење, тоа би била фасцинацијата на македонскиот сликар со пејзажот. Приодите и ликовната разработка биле и се различни - од чиста импресија до апстракција - но во самата основа останува онаа чудна опседнатост со македонскиот пејзаж, неговата конфигурација, мирисот на почвата, блескавиот колорит...*

*Ваквиот вовед воопшто не е случаен зашто кога станува збор токму за Илија Кочовски првите асоцијации како да логично се приклонуваат кон оваа генерална линија. И, се разбира, во тоа „колективно чувствување" неговото творештво вградува субјективен сегмент и евидентни специфични карактеристики. Без оглед дали во фокусот на вниманието е неговото сликарство или пак, како во оваа прилика, најновата графичка продукција, Кочовски безрезервно ја следи сопствената поетика на пејзажот во неговата полна визуелна впечатливост и податливост за ликовна транскрипција. Она пак што на почетокот треба да се потенцира е фактот што веќе во самиот миг на опсервацијата и понатаму низ процесот на трансформацијата, пристапот на Кочовски е особен и личен, што всушност и им го дава оној препознатлив печат на неговите дела.*

*Имено, ако природата е тоталитет, неисцрпен и недофатлив, магијата на окото и вештината на раката се недоволно силни да го совладаат. Но затоа, од бескрајното и неисцрпното дофатлив е фрагментот, исечокот - пределот, како дел што ќе биде репрезент на суштината. А за да биде тоа пределот-фрагмент мора да биде сублимат, да ја поседува самостојноста и самосвеста на општото-поединечното, да биде симбол - знак! Таа пак функција кај Кочовски се исполнува единствено ако пределот се фиксира низ диоптријата на чистата ликовна сензација при што сите релевантни елементи во делото ќе бидат издигнати на степенот на знаковна читливост. Оттука, знаците на Кочовски се знаци на пределот и од него на природата, или обратно, од природата кон пределот и уметникот. Пределите на Кочовски можат да бидат токму оние од падините на Пелистер, но и на Шара или Мон Блан; топлината на бојата е токму оваа на македонското поднебје, но дали само наша?; дрвото-симбол, повторно десетина или стотина пати, веќе ги допира границите на универзалното. И ако навистина, како што вели овогодишниот нобеловец Derek Walcott, постојат повеќе видови тишина, тогаш една од нив веројатно е и оваа на пределите на Кочовски: онаа исконска тишина со свечен ѕвон и складен одзив, непоматен мир и рамнотежа...*

*Но девствениот, недопрениот предел, иако кај Кочовски сопштен речиси во совршеноста на ликовната хармонија (или можеби токму затоа!), како веќе да не е доволен предизвик или, можеби, не нуди соодветна провокација. И во таа насока уметникот едноставно го разрешува проблемот - на сцената го воведува големиот господар на природата, на животот - Човекот, или неговата полу-сушност односно посуровата варијанта - Кентаурот! Неговиот знак е еден и единствен - знак на Ловецот, на хордата, на лакот и стрелата, копјето... Симнат некаде од темнините на Ласко или Ремихија, или можеби доталкан од далечните простори околу езерото Њаса пред којзнае колку милиони години, веќе со своето присуство навестува драма, потенцијален конфликт, судир на светови. Неговиот знак е наш симбол, некогашен и сегашен, симбол на атавистичките инстинкти, на стрелата во лет или високо кренатата секира подготвена да го зададе последниот удар. Неговата „суверена" доминација ги релативизира нештата, го ремети редот и законите на природата: крошните на дрвјата речиси се собираат од страв, крдата ги фаќа паника, шумата мириса на насилство!*

*Сепак, во крајна инстанца, сето ова е само некаков претекст, односно фон врз кој уметникот го гради сопствениот комплексен ликовен систем во кој битен сегмент се токму релациите поединечно-општо, елемент-целост, при што симболот-знакот ги превзема ингеренциите на идејното, симболичното, синтетичното, субјективното и декоративното. Шематизираното дрво или стилизираната фигура, распоредот на површините во композицијата и третманот на бојата се некакви колективни средства на распознавање, визуелни метафори со емоционален и интелектуален набој. А во нивната суштина, како впрочем и во целокупното творештво на Илија Кочовски, лежи впечатливата визуелна ликовна култура без која ваквиот систем не би можел да функционира. Без неа, впрочем, тешко може да егзистира и графиката како ликовна дисциплина, па затоа Кочовски со полно право инсистира на неа. Веројатно и оттука неговите графики едноставно пленуваат со рафинираното чувство за соодноси, за чиста ликовност и баланс на сите елементи во композицијата, што едновремено ги вбројува меѓу врвните остварувања во современата македонска графичка продукција.*

*Златко Теодосиевски*





*When trying to draw a general line in contemporary Macedonian painting from its post-war development which would serve as a synthesis or as a consisntent overview, a collective sensibility or a state of spirit shared by all Macedonian painters, it would undoubtedly be their fascination with the landscape. No matter how different individual and artistic attitude they have developed towards it (ranging from mere impression to abstraction), it appears that this peculiar fascination with the landscape remains fundamental to their work: its configuration, its smell, its glowing colouration, etc.*

*However, this remark is not randomly used because the initial associations stemming from Ilija Kočovski's work logically coincide with that general line. Of course, his work contributes a great deal to the „collective sensibility„ in which it incorporates a subjective segment emphasized by very specific distinctive features. No matter whether our attention is focused on his paintings or, as on this occasion, on his graphics, Kočovski wholeheartedly follows his own poetics of landscape with all its visual specificity and adequacy for artistic transcription. It should be initially emphasized that at the very moment of observation and further on in the process of transformation, Kočovski's attitude is utterly personal and therefore gives his work a recognizable touch of originality.*

*That is to say, if nature is understood as an abundant and inexhaustible totality, the magic of the eye and the skill of the hand are not sufficient to conquer it as such. However, what is conquerable is a fragment, a glimpse, a scene of the landscape, a part which will represent the essence of the totality. In order to do that the fragment must be a sublimity, to possess both individuality and selfconsciousness of the general-particular, to be a symbol -*
***a sign**! This function however, is obtained in Kočovski's work only if the landscape is observed through the dioptric of pure artistic sensation when all the relevant elements of the work are raised to a degree of sign legibility. Therefore, Kočovski's signs are the signs of the landscape and furthermore, the signs of nature or vice versa, the signs of nature become those of the landscape and of the artist. Kočovoski's landscapes might originate from the Pelister Mountain, but also from the Šara Mountain or Mont Blanc; the warmth of the colour is recognizably Macedonian, but is it only that? The symbol of the tree repeated a dozen or a hundred times, touches upon the borders of the universal. And, if there are more kinds of silence, as this year's Noble Prize winner Derek Walcott suggested, then one of them could be present in Kočovski's landscapes: an ancient silence with a solemn sound and harmonious echo, with an unremitting peace and balance...*

*However, the virginal, intact landscape rendered in its perfect artistic harmony is an insufficient challenge for Kočovski, and inadequate provocation which is probably due to its perfection. Therefore, he solves the problem in a very simple manner - introduces man to it - the Grand Master of nature or, at least, introduces his half-being, i.e. his mythological variant - the Centaur! His sign is one and unique - a sign of the Hunter, of the tribe, of the bow and the arrow ... a sign which descended from Lasko's and Remihia's darkness, or probably came wandering from the far plains around the Niasa Lake a million or more years ago, a sign whose presence predicts a drama, a potential conflict, a clash between worlds, Kočovski's sign is also a symbol of our past and present, a symbol of our atavistic insticts, of the arrow's flight, of a raised axe ready to give a final blow. Its „sovereign„ domination relativizes things, disturbs the laws and the order of nature: the tree's crowns are almost shrunk with fear, the cattle are seized by panic, the forest smells of violence! Anyway, this is only a kind of a pretext or ground base upon which the artist builds his own complex artistic system in which the most crucial segment are the relations between the general and the particular, the fragment and the totality. The sign-symbol in the process is inherent in the competence of the ideological, symbolical, synthetical, subjective and decorative. The schematized tree or the stylized figure, the arrangement of surfaces in the composition and the treatment of colour can be means for recognizing an author, as well as visual metaphores charged with emotional and intelectual meaning. In the heart of these metaphores and in the core of all Kočovski's work there is an impressive visual and artistic culture the absence of which would eliminate his system. Without this culture graphics would certainly not exist as such, and therefore Kočovski is right when he insists on it. Certainly, that is the reason why his graphics are so attractive: their refined interrelations, the balance of all the elements of their composition place them among the best achievements in contemporary Macedonian graphics.*

*Zlatko Teodosievski*

*Translation into English*
*Zoran Ančevski*





















# ИЛИЈА КОЧОВСКИ

*Роден 1945 во Битола.*
*Завршил Академија за ликовна уметност 1972 во Београд.*
*Учествувал на повеќе колективни, групни /Ликовната група "77"/ и самостојни изложби.*
*Адреса: 97000 Битола, В. Бакариќ 50*
*Тел: 097/40-573*



# ILIJA KOČOVSKI

*Born 1945 in Bitola*
*Completed Art Academy '72 in Belgrade.*
*He has taken part in many collective, group /Fine Arts Group "77"/ and independent exhibitions.*
*Address: 97000 Bitola, 50 V. Bakarić str.*
*Tel: 097/40-573*





ЛИКОВЕН САЛОН ТИТОВ ВЕЛЕС

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА КУМАНОВО

ГАЛЕРИЈА БЕЗИСТЕН ШТИП

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА „СКОПЈЕ"
СКОПЈЕ

1993



ART GALLERY TITOV VELES

ART GALLERY KUMANOVO

ART GALLERY BEZISTEN ŠTIP

ART GALLERY „SKOPJE"
SKOPJE

Печати „Киро Дандаро" - Битола, тираж 500 примероци, скенирање „SKENPOINT" - Скопје, компјутерски слог „ПеМа" - Битола

Дизајн: gk